# 2FA при логирање на е-Банк

Доколку сакате дополнителна заштита при логирање во е-Банк можете да овозможите дво-факторна автентикација (2FA) при секое логирање на е-Банк. Оваа функционалност работи на овој начин:

1. Најавете се на е-Банк како физичко лице, и во главното мени под Барања одберете Барање за издавање на софтверски токен.




2. За да овозможите 2FA при логирање мора да имате мобилен уред со активен софтверски токен. Од табелата на регистрирани уреди одберете ги сите уреди од кои сакате да се автентицирате при логирање на е-Банк. Тоа се прави со штиклирање на уредот во последната колона со име 2FA.



**Преглед и промена на регистрираните уреди**

☐ Прикажи ги само уредите со активен токен | Деактивирај го селектираниот токен

| Селектирај уред за промени | ИД уред | Шифра уред | Назив уред | Инфо уред | Датум регистрирање | Датум креирање | Датум истекување | Активен | 2FA |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Селектирај | 116228 | 14774AB3-053F-4A71-9C90-26DEB993365E | [redacted] iPhone | iOS;15.8.5;iPhone | 13.03.2026 14:32:50 | 17.03.2026 13:06:41 | 17.03.2029 13:06:11 | Да | ☑ |
| Селектирај | 101499 | 7ce338bd73ae2a68 | samsung SM-S921B | ;fingerprint | 25.11.2024 08:58:25 | 19.02.2026 14:34:44 | 19.02.2029 14:34:14 | Да | ☑ |
| Селектирај | 115414 | 105586FB-DC9B-4FC8-B71B-0952BC357062 | [redacted] iPhone | iOS;15.8.5;iPhone | 11.02.2026 08:24:36 | | | Не | ☐ |
| Селектирај | 115375 | B49F9F70-6D40-45C4-8F3F-091C1688AF4B | [redacted] iPhone | iOS;15.8.5;iPhone | 10.02.2026 15:21:03 | | | Не | ☐ |
| Селектирај | 115238 | 6D630AFC-715F-44C4-A70B-22DC20FF6466 | [redacted] iPhone | iOS;15.8.5;iPhone | 05.02.2026 12:51:32 | 10.02.2026 10:29:12 | 10.02.2026 18:08:37 | Не | ☐ |

1 2 3 4 5 ...

Испрати барање за издавање на софтверски токен

Доколку повеќе не сакате да се логирате со 2FA тоа може да го оневозможите со деселектирање на сите уреди во 2FA колоната. Се додека има еден уред штиклиран за 2FA функционалноста останува активна.

3. После претходните два чекора, на секое успешно логирање на е-Банк ќе се појавува формата за 2FA логирање каде треба да внесете OTP генерирано од еден од претходно селектираните уреди.




4. Во мобилната апликација m-Banking уште пред да се најавите, во горниот десен агол има стрелка што покажува надесно која Ве носи во Опции.




5. Во Опции одберете Генерирај OTP, каде треба да го внесете Вашиот ПИН и одберете Процесирај.



6. По успешно процесиран ПИН на екран се покажува Вашиот OTP.




7. Тој OTP треба да го внесете во 2FA формата за логирање и одберете Верифицирај.




Доколку сте ја избришале мобилната апликација на уредот со активен токен, или софтверскиот токен истекол, или немате пристап до мобилниот уред, во формата за 2FA логирање можете да одберете Верификација по email. На email ќе Ви биде испратен код кој треба да го внесете во стандардната форма за дополнителна автентикација при логирање на е-Банк.




После успешно верифицирање најавете се повторно со Вашиот профил за е-Банк.

Доколку сакате повторно да активирате 2FA логирање на е-Банк повторете ги претходните чекори.